# *Универзитетски гласник анекс*

*Издавач*
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје**

*Уредник*
*на издавачката дејност на УКИМ*
**проф. д-р Биљана Ангелова, ректор**

*Уредник*
*на Универзитетски гласник*
**м-р Марија Маневска, генерален секретар**

*Лектор*
**Весна Илиевска Цветановска**

*Техничко уредување*
**Зоран Кордоски**
**м-р Елизабета Додевска**

**СТАТУТАРНА ОДЛУКА**
за изменување и дополнување на Статутот на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ........................ 2

**О Д Л У К А**
за согласност на Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ........... 9

**СТАТУТ**
на Факултетот за ветеринарна медицина Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (пречистен текст) ........................ 9

Врз основа на член 110, став 1, точка 1 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021), член 147 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил Методиј" во Скопје и член 62, став 1, точка 1 од Статутот на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 460/2019), Наставнонаучниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на седницата одржана на 2.6.2022 година, ја донесе следнава

## СТАТУТАРНА ОДЛУКА за изменување и дополнување на Статутот на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

**Член 1**

Со оваа Статутарна одлука се врши изменување и дополнување на Статутот на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 460/19).

**Член 2**

Членот 19 се менува и гласи:

„Член 19

За вршење на својата дејност, Факултетот може да организира: институт, катедри, лаборатории, центри, универзитетска ветеринарна болница, библиотека, стручна и административна служба и други внатрешни организациони единици."

**Член 3**

Поднасловот и членот 20 се менуваат и гласат:

**„Институт**

**Член 20**

Институтот е основна внатрешна единица на Факултетот која се формира за изведување на високообразовна дејност, поврзана со соодветното научноистражувачко поле за развојни, применувачки и фундаментални проекти и активности.

Називот на институтот од ставот 1 на овој член е Национален институт за ветеринарство и храна (во понатамошниот текст: Институтот).

Во работата на Институтот може да учествуваат и другите организациони единици на Факултетот кои се во функција на наставната, научноистражувачката и применувачката дејност на Факултетот.

Институт може да се формира и да работи доколку има најмалку 10 наставници и 10 лаборатории со акредитирани методи од различни области по стандардот МКС EN ISO/IEC 17025."

**Член 4**

Членовите 21, 22, 23, 24, 25 и 26 се менуваат и гласат:

„Член 21

Во рамките на институтот се организирани и функционираат лаборатории во кои се изведуваат анализи со акредитирани методи од соодветното научноистражувачко поле по стандардот МКС EN ISO/IEC 17025:

- Лабораторија за паразитологија и паразитни заболувања
- Лабораторија за серологија
- Лабораторија за молекуларна дијагностика со генетски анализи
- Лабораторија за ТСЕ
- Лабораторија за дијагностика на беснило
- Лабораторија за аналитичка хемија на храна и храна за животни
- Лабораторија за микробиологија на храна и храна за животни
- Лабораторија за квалитет на сурово млеко

- Лабораторија за резидуи и контаминенти
- Лабораторија за молекуларна анализа на храна и генетски модификувани организми
- Лабораторија за хигиена и проценка на благосостојба на животни со заштита на животна средина
- Лабораторија за прием и обработка на примероци.

Наставнонаучниот совет, со акт, може да формира нови и да интегрира постојни лаборатории во институтот во кои се изведуваат анализи со акредитирани методи за вршење на дејности со јавни овластувања, за потребите на Факултетот или по назначување на надлежен орган од државата.

**Член 22**

Во работата на институтот се вклучени вработените лица, избрани во наставнонаучни, научни и соработнички звања на Факултетот, докторите по ветеринарна медицина, стручните соработници, стручните соработници аналитичари и други лица во работен однос на Факултетот кои вршат работа поврзана со дејностите по областите што влегуваат во делокругот на работа на институтот според матрица на овластувања и одговорности за изведба на рутински и специфични лабораториски активности за кои се задолжени согласно со системот за квалитет МКС EN ISO/IEC 17025.

Припадноста на вработените лица избрани во наставнонаучни, научни и соработнички звања кон институтот се утврдува врз основа на наставнонаучната област на која се избрани.

**Член 23**

Институтот, во рамките на својата дејност:

1. остварува наставнообразовна, научноистражувачка и применувачка дејност;
2. изведува стручни, советувачки и други применувачки услуги;
3. се грижи за пренесувањето на научноистражувачките достигнувања и новите знаења во наставнообразовниот процес;
4. развива современи методи од дејноста на институтот;
5. се грижи за стручното и за научното усовршување на вработените лица избрани во наставнонаучни, научни и соработнички звања и се грижи за создавањето на подмладок на катедрите;
6. се грижи за развојот на научните дисциплини и струки;
7. ги проучува можностите и формите на пренесување на научноистражувачките резултати во практиката;
8. врши самоевалуација на работата на институтот и неговите членови;
9. соработува при подготвувањето на студиските програми и програмите за истражувачката и применувачката работа;
10. учествува во организацијата и изведувањето на лабораториската и практичната настава на Факултетот;
11. врши и други работи утврдени со овој статут.

**Член 24**

Работата во институтот се одвива на стручен колегиум.

Членови на стручниот колегиум на институтот, во смисла на овој статут, се раководителот на институтот и раководителите на лабораториите од институтот.

**Член 25**

Стручниот колегиум на институтот:

1. се грижи за стручната работа на институтот;
2. дава мислење и предлози до раководителот на институтот во поглед на организацијата на работата и условите за работа и развој на дејноста;
3. ја разгледува потребата и дава мислење за стручно усовршување на вработените на институтот;

4. му ги предлага на раководителот на институтот потребите за набавка на лабораториски потрошен материјал, опрема, хемикалии и др., кои се потребни за вршење на дејноста на институтот;
5. врши и други работи по барање на раководителот на институтот;
6. врши и други стручни работи утврдени со закон, другите прописи и општите акти на Факултетот.

**Член 26**

Со институтот раководи раководител избран во наставнонаучно звање.

Раководителот на институтот се избира со мандат од 3 години, со право на еден повторен избор.

Секое лице избрано во наставнонаучно звање од членовите на институтот може да поднесе апликација преку архивата на Факултетот за кандидат за раководител на институт.

Раководителот на институтот се избира на тајни и непосредни избори, од страна на членовите на стручен колегиум на институтот.

За да се избере раководител на институтот, треба да присуствуваат 2/3 од членовите на стручниот колегиум.

Избран е оној кандидат кој добил мнозинство гласови од присутните со тајно гласање што го спроведува комисија составена од три члена, избрана на самата седница кога се спроведува изборот.

Деканот донесува одлука со која се констатира изборот на раководител на институтот.“

**Член 5**

Во членот 30, ставот 1 се менува и гласи:

„Раководителот на институтот за својата работа одговара пред деканот“.

**Член 6**

Членовите 33 и 34 се менуваат и гласат:

**„Катедри**

**Член 33**

Катедрите на Факултетот претставуваат наставнонаучна и функционална целина од соодветната наставнонаучна област и се формираат со цел усогласување и развивање на наставнообразовната, научноистражувачката и применувачката дејност.

Катедрата ја сочинуваат вработените избрани во наставнонаучни, научни и соработнички звања од иста или од сродна научна област кои се во редовен работен однос на Факултетот.

Во работата на катедрата може да се вклучат стручни соработници и студенти, односно демонстратори без право на одлучување.

Дејностите и функцијата на катедрите може да се изведуваат преку институтот и останатите единици на Факултетот.

**Член 34**

Катедрите, во рамките на својата дејност:

1. остваруваат наставнообразовна, научноистражувачка, применувачка и високостручна здравствена ветеринарна дејност;
2. соработуваат при подготвувањето на студиските програми и програмите за истражувачката работа;
3. изготвуваат предлогпрограми за специјализации;
4. ги разгледуваат прашањата и проблемите кои настануваат при реализирањето на студиските програми и ја насочуваат, усогласуваат високообразовната, научноистражувачката и применувачката работа;
5. со научноистражувачката дејност, посебно со фундаменталните истражувања, развиваат научни дисциплини, на кои се темелат студиските програми и научните дисциплини со сродни или интердисциплинарни поврзани области;

6. се грижат за пренесување на научноистражувачките достигнувања и новите знаења во наставнообразовниот процес и за нивно вклучување во студиските програми во сите циклуси на студии;
7. развиваат современи педагошки методи;
8. се грижат за стручното и за научното усовршување на вработените лица избрани во наставнонаучни, научни звања и соработнички звања;
9. даваат предлози до надлежниот орган за распишување конкурс за избор во наставнонаучни, научни и соработнички звања;
10. предлагаат учебници, учебни помагала и стручна литература;
11. вршат и други работи утврдени со закон.“

**Член 7**

По членот 35 се додаваат пет нови члена – 35а, 35б, 35в, 35г и 35д, кои гласат:

„Член 35а

Раководителот на катедрата:

1. се грижи за редовното изведување на наставнообразовната и научно-истражувачката работа од областа на катедрите;
2. ги извршува одлуките на органите на Факултетот, кои се однесуваат на работата на катедрите;
3. ги известува органите на Факултетот за работата на катедрите;
4. се грижи за создавање и развој на научен подмладок;
5. врши и други работи што ќе му ги доверат органите на Факултетот.

**Член 35б**

На Факултетот се организирани следниве катедри:

– Катедра за хемија
– Катедра за биохемија и биологија на клетка
– Катедра за функционална морфологија
– Катедра за одгледување на животни
– Катедра за исхрана на домашните животни
– Катедра за фармакологија и токсикологија
– Катедра за хигиена на животните и заштита на животната средина
– Катедра за ветеринарна економија, менаџмент и биостатистика
– Катедра за микробиологија и имунологија
– Катедра за паразитологија и паразитни заболувања
– Катедра за управно ветеринарство
– Катедра за патофизиологија
– Катедра за патолошка морфологија и судска медицина
– Катедра за рендгенологија со фикална терапија
– Катедра за внатрешни болести на фармски животни
– Катедра за внатрешни болести на миленици и копитари
– Катедра за заразни болести и епидемиологија
– Катедра за биологија и патологија на пчели, риби и ловен дивеч
– Катедра за болести кај птиците
– Катедра за репродукција
– Катедра за хирургија, ортопедија и офталмологија
– Катедра за безбедност на храна и ветеринарно јавно здравство.

Катедрите се основаат, се припојуваат и се делат во согласност со потребите на наставнообразовната и научноистражувачката работа.

**Член 35в**

За организирање и координирање на сите катедри се формира наставностручен колегиум (во понатамошниот текст: колегиум).

Колегиумот го сочинуваат вработените лица избрани во наставно-научни и научни звања кои изведуваат настава по предметите кои се утврдени со студиската програма.

Колегиумот избира раководител од редот на лицата избрани во наставнонаучни

звања, по предлог на деканот, со мандат од 3 години и со право на повторен избор.

Изборот се врши доколку се присутни повеќе од половината од вкупниот број членови на колегиумот, а избран е оној кандидат кој добил најголем број гласови од присутните.

Деканот донесува одлука со која го констатира изборот.

**Член 35г**

Колегиумот на катедрите, во рамките на своите надлежности::

1. му предлага на Наставнонаучниот совет услови и критериуми за запишување студенти на додипломски студии и за селекција на кандидатите;
2. доставува предлог до Наставнонаучниот совет за условите за запишување на кандидатите кои имаат завршено студиски програми на странски факултети;
3. се грижи за реализација на постапката за пријавување и за селекција на кандидатите во согласност со условите од конкурсот;
4. предлага до Наставнонаучниот совет број на запишани студенти по студиски програми на додипломски студии;
5. доставува предлог до Наставнонаучниот совет за воведување нови студиски програми и за измени и дополнувања на постојните студиски програми;
6. врши и други работи по барање на деканот и Наставнонаучниот совет.

**Член 35д**

Раководител на колегиумот:

1. ја организира и ја раководи работата на колегиумот;
2. ги подготвува, ги свикува и ги води седниците на колегиумот;
3. се грижи за редовно извршување на работите кои произлегуваат од надлежноста на колегиумот;
4. ги известува органите на Факултетот за работата на колегиумот;
5. ги спроведува заклучоците и другите акти на колегиумот;
6. ги потпишува записниците од седниците на колегиумот;
7. врши и други работи што произлегуваат од надлежноста на колегиумот и по барање на Наставнонаучниот совет и деканот.“

**Член 8**

Членот 36 се менува и гласи:

**Лабораторории**

**Член 36**

Лабораториите се формираат и функционираат за практично изведување на наставнообразовната, аучноистражувачката и применувачката дејност за потребите на Факултетот.

Лабораториите може да се формираат доколку се обезбедени просторни и други материјални услови пропишани со актот за основање.

Наставнонаучниот совет, со акт, може да формира лаборатории за потребите на Факултетот доколку се исполнети условите од ставот 2 на овој член.

Дејностите и функцијата на лабораториите може да се изведуваат преку останатите единици на Факултетот.

Со лабораториите раководат раководители од редот на вработените лица, избрани во наставнонаучни и научни звања од соодветната област на работата на лабораторијата, кои ги именува и ги разрешува деканот на Факултетот, со мандат од 3 години и право на повторни мандати.

**Член 9**

По членот 36 се додава нов член 36а, кој гласи:

**„Член 36а**

На Факултетот се организирани:

а) Лаборатории во кои се изведуваат анализи со акредитирани методи од соодветното научноистражувачко

поле по стандардот МКС EN ISO/IEC 17025, утврдени во член 21 од овој Статут.

б) Лаборатории при катедрите во функција на дејноста на Факултетот, и тоа:

– Лабораторија за пластинација
– Лабораторија за клиничка биохемија
– Лабораторија за клиничка микробиологија
– Лабораторија применета ембриологија
– Лабораторија за хистологија и патохистологија
– Лабораторија за биологија и патологија на пчели
– Лабораторија за андрологија и криоконзервација на гамети.

Припадноста на лабораториите од став 1 од овој член е според соодветната наставнонаучна област и не е ограничена во соработката со останатите единици на Факултетот.

**Член 10**

Членот 37 се менува и гласи:

**„Центри**

**Член 37**

Центрите се формираат заради изведување, организирање и поттикнување на научноистражувачката и наставно-образовната работа, пренесување на употребата на современите методи на работа, сознанијата и достигнувањата.

Центрите можат да вршат и применувачка дејност.

Центар може да се формира доколку се обезбедени просторни и други материјални услови пропишани со актот за основање.

Наставнонаучниот совет, со акт, може да формира центри за потребите на Факултетот доколку се исполнети условите од ставот 3 на овој член.

Дејностите и функцијата на центрите може да се изведуваат преку останатите единици на Факултетот.

Со центрите раководат раководители од редот на наставниците и научните работници од соодветната област на работа на центрите, кои ги именува и ги разрешува деканот на Факултетот, со мандат од 3 години и право на повторни мандати.

**Член 11**

По членот 37 се додава нов член 37а, кој гласи:

**„Член 37а**

Во рамките на катедрите на Факултетот се организирани:

– Центар за едукација за зоонозни болести, безбедност на храна и ветеринарно јавно здравство
– Центар за фармакологија и токсикологија со несакани дејства и информирање за ветеринарномедицински препарати
– Центар за благосостојба и однесување на животните
– Центар за асистирана репродукција.

Припадноста на центрите од став 1 од овој член е според соодветната наставно-научна област и не е ограничена во соработката со останатите единици на Факултетот.“

**Член 12**

Членот 38 се менува и гласи:

**„Универзитетска ветеринарна болница**

Член 38

Универзитетска ветеринарна болница се основа за спроведување високообразовна, научноистражувачка и применувачка, односно клиничка дејност од областа на ветеринарната медицина на Факултетот.

Универзитетската ветеринарна болница учествува во едукацијата на студентите и кадрите во рамките на студиските и предметните програми, врши здравствена заштита на животни, континуирана едукација, обуки и сл.

Во работата на Универзитетската ветеринарна болница учествуваат лица избрани во наставнонаучни, научни и соработнички звања на Факултетот, од соодветната област на работа на болницата, како и докторите по ветеринарна медицина, стручните соработници, демонстраторите,

помошнотехничкиот персонал и други лица кои се во работен однос на Факултетот.

Листа на ангажирани лица во Универзитетската ветеринарна болница се утврдува со одлука на Деканатската управа, по предлог на раководителот на Универзитетската ветеринарна болница.

Дејностите и функцијата на Универзитетска ветеринарна болница може да се изведуваат преку останатите единици на Факултетот.

**Член 13**

По членот 38 се додава нов член 38а, кој гласи:

**„Член 38а**

Во рамките на Универзитетската ветеринарна болница работат:

– Клиника за домашни миленици, птици и егзотични животни
– Клиника за фармски животи и копитари со амбулаторна пракса.

Наставнонаучниот совет, со акт, може да формира и друга организациона и функционална структура во Универзитетската ветеринарна болница, во согласност со студиските програми и дејности на Факултетот.

**Член 14**

Во членот 62, став 1, по точката 8 се додаваат две нови точки, 9 и 10:

„9. утврдува потреба за избор на стручни соработници и ги определува начинот и обемот на учество во наставнообразовниот процес;

10. распишува интерен оглас со критериуми за избор на стручни соработници; “

Точките 942 стануваат точки 1144.

**Член 15**

Во членот 63, став 4, по зборот „демонстратори“ се додаваат зборовите „стручни соработници“.

**Член 16**

Членот 73 се менува и гласи:

„Член 73

Факултетот има 4 продекани, кои ги предлага деканот:

– продекан за настава
– продекан за наука и меѓународна соработка
– продекан за финансии и инвестиции
– продекан за применувачка дејност и управување со квалитет.“

**Член 17**

Членот 77 се менува и гласи:

**„Член 77**

Деканатската управа е орган на управување на Факултетот. Деканатската управа брои 7 члена.

Деканатската управа ја сочинуваат:

– декан,
– продекани,
– раководител на Националниот институт за ветеринарство и храна, и
– претставник од Факултетското студентско собрание.

Во работата на Деканатската управа учествува и секретарот на Факултетот, без право на одлучување.“

**Член 18**

Во член 95, став 3 се бришат зборовите: „на предлог од институтот каде што припаѓа наставникот, односно соработникот.“

**Член 19**

Оваа статутарна одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетски гласник, а ќе се објави по добивањето согласност од Сенатот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, и ќе се применува по истекот на 3 месеци од денот на објавувањето.

**Д е к а н**
**Проф. д-р Лазо Пендовски, с.р.**

Врз основа на член 94, став 1, алинеја 1 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/2021) и член 157, став 1, алинеја 8 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје („Универзитетски гласник“ бр. 425/2019), Универзитетскиот сенат на 3. седница одржана на 30.10.2023 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за согласност на Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност на Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Универзитетскиот гласник.*

**Претседател**
**Проф. д-р Сашо Еленчевски**

Врз основа на член 110, став 1, точка 1 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/2021), член 147 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил Методиј“ во Скопје и член 62, став 1, точка 1 од Статутот на Факултет за ветеринарна медицинаСкопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 460/2019), Наставнонаучниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, на седницата одржана на 2.6.2022 година, ја донесе следнава

**СТАТУТ**
**на Факултетот за ветеринарна медицина Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
**(пречистен текст)**

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Предмет на уредување**

**Член 1**

Со овој Статут се уредуваат: внатрешната организација, начинот на вршење на високообразовната дејност, органите и телата, овластувањата и начинот на работа и одлучување, студентското организирање, печатот, знаците и другите обележја на Факултетот за ветеринарна медицина Скопје (во натамошниот текст: Факултетот), како и други прашања што се од значење за вршење на дејноста за која е основан.

За прашањата кои не се регулирани со овој Статут се применуваат одредбите од Законот за високото образование, Статутот и другите акти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во натамошниот текст: Универзитетот).

**Статус и основна дејност**

**Член 2**

Факултетот е високообразовна установа како единица во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Факултетот врши високообразовна дејност од прв, втор и трет циклус на студии како и интегрирани студии од прв и втор циклус, научноистражувачка и применувачка дејност во научноистражувачкото подрачје на биотехничките науки односно од научноистражувачко поле на земјоделски и ветеринарни науки и од полето на медицинските науки и здравство според Меѓународната фраскатиева класификација и со нив поврзаните фундаментални области согласно со Меѓународната стандардна класификација

на образованието (МСКОБ, ISCED) како и во сите научни полиња што се во врска со основната дејност на Факултетот.

**Член 3**

Факултетот ја остварува дејноста од член 2 од овој Статут во согласност со Законот, Статутот и со другите акти на Универзитетот.

**Назив и седиште**

**Член 4**

Факултетот работи под назив: Република Северна Македонија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за ветеринарна медицина Скопје.

Скратениот назив на Факултетот е Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Факултет за ветеринарна медицина.

Називот на англиски јазик е: Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, Faculty of veterinary medicine – Skopje, Republic of North Macedonia.

Факултетот може да го користи и името испишано на латински јазик: Facultas Medicinae Veterinariae Skopje.

Седиштето на Факултетот е на ул. „Лазар Поп Трајков“ бр. 57, Скопје.

**Датум на основање**

**Член 5**

Факултетот е основан со одлука на Министерството за образование и физичка култура на 22.10.1991 година и со Одлуката на Владата на Република Македонија, со која на седницата одржана на 31.10.1991 година, таа даде согласност за започнување со работа на ветеринарните студии, како насока, на Земјоделскиот факултет во Скопје, од учебната 1991/1992 година.

Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на својата седница одржана на 14.9.1993 година, донесе одлука за организирање Факултет за ветеринарна медицина, кој со уписот во судскиот регистар, на 1.1.1994 година стекна својство на правно лице, а со уписот извршен на 18.3.1994 година во регистарот на високообразовни организации, стекна статус на високообразовна организација.

Со Одлука на Владата на Република Македонија (Службен весник на Република Македонија бр. 68/2003 и 75/2003), Ветеринарниот институт во Скопје, од 1.3.2004 година се присоединува кон Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

**Овластувања, права, обврски и одговорности на Факултетот**

**Член 6**

Факултетот има овластувања, права, обврски и одговорности согласно со Статутот на Универзитетот, законот и овој Статут.

*Вебстраница на Факултетот*

**Член 7**

Факултетот има вебстраница на македонски и на англиски јазик на која задолжително се објавуваат:

1. Статутот на Факултетот (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи;
2. решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно;
3. актот за систематизација;
4. деловникот за работа на Наставно-научниот совет;
5. правилникот за плати и надоместоци на единицата;
6. извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот;
7. распоредот на работни задачи за тековната учебна година, најдоцна 10 дена пред почетокот на учебната година;
8. завршна сметка, најдоцна во рок од 10 дена од денот на усвојувањето;
9. годишен извештај, најдоцна во рок од 10 дена од денот на усвојувањето;
10. прифатени теми за изработка на специјалистички трудови, најдоцна

во рок од 10 дена од денот на прифаќањето;
11. прифатени теми за изработка на магистерски трудови, најдоцна во рок од 10 дена од денот на прифаќањето;
12. прифатени теми за изработка на докторски трудови, најдоцна во рок од 10 дена од денот на прифаќањето;
13. докторските дисертации;
14. Етичкиот кодекс;
15. каталог на услуги;
16. информации за студентите;
17. тековни активности;
18. друго.

Деканатската управа донесува акт за изгледот на вебстраницата, за информациите кои ќе се објавуваат, одговорни лица за доставување и за објавување на информациите и сл.

## II. АКАДЕМСКА ЗАЕДНИЦА И АВТОНОМИЈА

**Член 8**

Лицата избрани во наставнонаучни, научни и соработнички звања на Факултетот и студентите на Факултетот се членови на академската заедница.

Редовните професори остануваат членови на академската заедница и по пензионирањето.

Правата и обврските на членовите на академската заедница се уредуваат со Етичкиот кодекс на Универзитетот.

Членовите на академската заедница се должни да се придржуваат на одредбите на Етичкиот кодекс на Универзитетот.

**Член 9**

Факултетот својата дејност ја врши врз принципот на академска автономија.

Одредбите за автономијата утврдени со закон и со Статутот на Универзитетот соодветно се применуваат и за Факултетот.

**Член 10**

Факултетот ќе се грижи за спроведување на политиките на еднаквост, недискриминација и инклузија, во согласност со законот, Статутот на Универзитетот и овој Статут, преку телото за еднаквост, инклузија и недискриминација (ЕНИ) на Универзитетот.

Поднесените претставки можат да се засноваат најмалку на основите наведени во Статутот на Универзитетот.

Во случај на констатирана повреда на правото, телото определува соодветни мерки за санирање на состојбата и/или санкции.

## III. ПЕЧАТ, ЗНАЦИ И ДРУГИ ОБЕЛЕЖЈА

**Печат**

**Член 11**

Факултетот има печат со тркалезна форма во кој во средината е грбот на Република Северна Македонија и натпис во два реда. Во надворешниот ред: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за ветеринарна медицина Скопје, а во внатрешниот ред: Република Северна Македонија.

Овој печат се употребува за архивското работење на Факултетот.

**Штембил**

**Член 12**

Штембилот на Факултетот е правоаголен и на него е испишан следниов текст: Република Северна Македонија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Факултет за ветеринарна медицина, број ___,___/___ година, Скопје.

Штембилот се употребува за архивското работење на Факултетот.

**Знаци и други обележја**

**Член 13**

Факултетот има свој амблем, знаме, инсигнии за деканот и одори.

Изгледот на амблемот на Факултетот е во тркалеста форма со следниот латински текст: Facultas Medicinae Veterinariae Skopje испишан во круг, а во средината на кругот е втисната медицинска игла околу која е извртена змија. Змијата и

иглата лежат на буквите V и M (со значење: ветеринарна медицина).

Амблемот ја симболизира дејноста на Факултетот за ветеринарна медицина.

Амблемот се употребува, на инсигниите на деканот, уверенијата, плакетите, меморандумите, изданијата и рекламните материјали, како и во други случаи.

Изгледот на знамето на Факултетот е со бела боја со димензии 100x180 cm. Во средината е втиснат амблемот на Факултетот во форма опишана во ставот 2 од овој член.

Знамето може да биде изработено и во помали димензии.

При употреба на знаците и другите обележја на Факултетот истовремено се употребуваат и знаците и обележјата на Универзитетот.

**Член 14**

На Факултетот се установува одора за деканот и за продеканите која е пропишана со акт на Универзитетот.

На Факултетот се установуваат одори и за дипломираните студенти. Одлука за нивниот изглед донесува Наставнонаучниот совет на Факултетот.

Одората се носи при промоции, прослави и други свечености на Факултетот и Универзитетот, како и при претставување на Факултетот на меѓууниверзитетски и меѓународни средби, согласно со актите на Универзитетот.

**Член 15**

Факултетот има свои инсигнии кои ги утврдува Наставнонаучниот совет, согласно со Статутот на Универзитетот.

Изгледот на инсигниите за деканот е: грбот на Универзитетот, делот што ги симболизира словенската писменост и култура како и две обележја на Факултетот – лого на Факултетот.

**Ден на Факултетот, награди и признанија**

**Член 16**

Ден на Факултетот е 14 ноември, денот на Светите Кузман и Дамјан кои добиле дар за исцелување на разни болести.

Денот се одбележува на свечен начин, секоја година.

**Член 17**

По повод јубилеи и други значајни настани, како и на промоции, Факултетот доделува награди, признанија и сл.

Критериумите за наградување и видот на наградите и признанијата ги утврдува Наставнонаучниот совет.

## IV. ДЕЈНОСТ НА ФАКУЛТЕТОТ

**Член 18**

Факултетот ја организира и ја остварува високообразовната, научноистражувачката и применувачката високостручна дејност како единствен процес.

Во вршењето на високообразовната, научноистражувачката и применувачката високостручна дејност, Факултетот:

1. го планира остварувањето и развојот на своите дејности во рамките на Универзитетот за кои е основан во согласност со буџетските средства од самофинансирачките активности, донации и слично;
2. врши високообразовна, научноистражувачка и применувачка дејност во една или повеќе сродни, односно меѓусебно поврзани научни и стручни дисциплини, во една или во повеќе сродни области во рамките на Универзитетот, а по овластување, и надвор од рамките на Универзитетот и се грижи за нивниот развој;
3. организира и спроведува специјализации;
4. остварува меѓународна соработка со сродни високообразовни и научни установи согласно со Статутот на Универзитетот и овој Статут;
5. организира конгреси, симпозиуми и други научни и стручни собири, како и теренска и клиничка настава и практика во земјата и странство согласно со Статутот на Универзитетот и овој Статут;
6. во рамките на интегрираниот библиотечноинформациски систем

на Универзитетот, ја организира работата на библиотеката и остварува библиотечноинформациска и документациона дејност;

7. издава уверенија и други документи за завршени студии и други видови образование, според условите утврдени со Статутот на Универзитетот, како и други документи за статусот на студентот во текот на студирањето;
8. организира форми и видови на активности за зачувување и унапредување на здравјето и благосостојбата на животните, животната и работната средина со примена на стручни мерки, активности и постапки;
9. издава документи врз основа на јавни овластувања и врз основа на продавање научни и стручни услуги и производи;
10. предлага и презема мерки за унапредување и заштита на стандардот на студентите и вработените;
11. остварува различни форми за надградување, продлабочување или проширување на знаењата и континуирано образование во согласност со актите на Универзитетот;
12. разменува научни и стручни услуги и производи со домашни и странски физички и правни лица;
13. врши дејности по основ на јавни овластувања во областа на ветеринарната медицина и безбедноста на храната и ветеринарното јавно здравство;
14. организира стручна и административна служба во согласност со актите на Универзитетот;
15. врши издавачка дејност во согласност со актите на Универзитетот;
16. се грижи и презема мерки за усовршување на кадрите што изведуваат високообразовна и научноистражувачка дејност и за кадрите во стручната и административна служба;
17. реализира домашни и меѓународни проекти во согласност со актите на Универзитетот;
18. се грижи и презема мерки за тековно и инвестиционо одржување на објектите и имотот;
19. ги уредува формите на стручно и професионално усовршување;
20. води евиденции согласно со Правилникот за водење евиденции за високото образование;
21. врши и други работи утврдени со закон, со Статутот и со другите акти на Универзитетот.

## V. ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ

**Член 19**

За вршење на својата дејност, Факултетот може да организира: институт, катедри, лаборатории, центри, универзитетска ветеринарна болница, библиотека, стручна и административна служба и други внатрешни организациони единици.

### Институт

**Член 20**

Институтот е основна внатрешна единица на Факултетот која се формира за изведување на високообразовна дејност, поврзана со соодветното научноистражувачко поле за развојни, применувачки и фундаментални проекти и активности.

Називот на институтот од ставот 1 на овој член е Национален институт за ветеринарство и храна (во понатамошниот текст: Институтот).

Во работата на Институтот може да учествуваат и другите организациони единици на Факултетот кои се во функција на наставната, научноистражувачката и применувачката дејност на Факултетот.

Институт може да се формира и да работи доколку има најмалку 10 наставници и 10 лаборатории со акредитирани методи од

различни области по стандардот МКС EN ISO/IEC 17025.

**Член 21**

Во рамките на институтот се организирани и функционираат лаборатории во кои се изведуваат анализи со акредитирани методи од соодветното научноистражувачко поле по стандардот МКС EN ISO/IEC 17025:

- Лабораторија за паразитологија и паразитни заболувања
- Лабораторија за серологија
- Лабораторија за молекуларна дијагностика со генетски анализи
- Лабораторија за ТСЕ
- Лабораторија за дијагностика на беснило
- Лабораторија за аналитичка хемија на храна и храна за животни
- Лабораторија за микробиологија на храна и храна за животни
- Лабораторија за квалитет на сурово млеко
- Лабораторија за резидуи и контаминенти
- Лабораторија за молекуларна анализа на храна и генетски модификувани организми
- Лабораторија за хигиена и проценка на благосостојба на животни со заштита на животна средина
- Лабораторија за прием и обработка на примероци.

Наставнонаучниот совет, со акт, може да формира нови и да интегрира постојни лаборатории во институтот во кои се изведуваат анализи со акредитирани методи за вршење на дејности со јавни овластувања, за потребите на Факултетот или по назначување на надлежен орган од државата.

**Член 22**

Во работата на институтот се вклучени вработените лица, избрани во наставнонаучни, научни и соработнички звања на Факултетот, докторите по ветеринарна медицина, стручните соработници, стручните соработници аналитичари и други лица во работен однос на Факултетот кои вршат работа поврзана со дејностите по областите што влегуваат во делокругот на работа на институтот според матрица на овластувања и одговорности за изведба на рутински и специфични лабораториски активности за кои се задолжени согласно со системот за квалитет МКС EN ISO/IEC 17025.

Припадноста на вработените лица избрани во наставнонаучни, научни и соработнички звања кон институтот се утврдува врз основа на наставнонаучната област на која се избрани.

**Член 23**

Институтот, во рамките на својата дејност:

1. остварува наставнообразовна, научноистражувачка и применувачка дејност;
2. изведува стручни, советувачки и други применувачки услуги;
3. се грижи за пренесувањето на научноистражувачките достигнувања и новите знаења во наставнообразовниот процес;
4. развива современи методи од дејноста на институтот;
5. се грижи за стручното и за научното усовршување на вработените лица избрани во наставнонаучни, научни и соработнички звања и се грижи за создавањето на подмладок на катедрите;
6. се грижи за развојот на научните дисциплини и струки;
7. ги проучува можностите и формите на пренесување на научноистражувачките резултати во практиката;
8. врши самоевалуација на работата на институтот и неговите членови;
9. соработува при подготвувањето на студиските програми и програмите за истражувачката и применувачката работа;

10. учествува во организацијата и изведувањето на лабораториската и практичната настава на Факултетот;
11. врши и други работи утврдени со овој статут.

**Член 24**

Работата во институтот се одвива на стручен колегиум.

Членови на стручниот колегиум на институтот, во смисла на овој статут, се раководителот на институтот и раководителите на лабораториите од институтот.

**Член 25**

Стручниот колегиум на институтот:

1. се грижи за стручната работа на институтот;
2. дава мислење и предлози до раководителот на институтот во поглед на организацијата на работата и условите за работа и развој на дејноста;
3. ја разгледува потребата и дава мислење за стручно усовршување на вработените на институтот;
4. му ги предлага на раководителот на институтот потребите за набавка на лабораториски потрошен материјал, опрема, хемикалии и др., кои се потребни за вршење на дејноста на институтот;
5. врши и други работи по барање на раководителот на институтот;
6. врши и други стручни работи утврдени со закон, другите прописи и општите акти на Факултетот.

**Член 26**

Со институтот раководи раководител избран во наставнонаучно звање.

Раководителот на институтот се избира со мандат од 3 години, со право на еден повторен избор.

Секое лице избрано во наставнонаучно звање од членовите на институтот може да поднесе апликација преку архивата на Факултетот за кандидат за раководител на институт.

Раководителот на институтот се избира на тајни и непосредни избори, од страна на членовите на стручен колегиум на институтот.

За да се избере раководител на институтот, треба да присуствуваат 2/3 од членовите на стручниот колегиум.

Избран е оној кандидат кој добил мнозинство гласови од присутните со тајно гласање што го спроведува комисија составена од три члена, избрана на самата седница кога се спроведува изборот.

Деканот донесува одлука со која се констатира изборот на раководител на институтот.

**Член 27**

Доколку институтот не избере раководител до денот на истекот на мандатот на постојниот раководител, деканот назначува в.д. раководител за време до 3 месеци, кој треба да ја спроведе постапката за избор на раководител во рок од 15 дена.

Во случај на предвремен престанок на мандатот на раководителот, деканот во рок од 7 работни дена спроведува постапка за избор за нов раководител.

Ако не се избере раководител, се применува одредбата од ставот 1 на овој член.

**Член 28**

Во отсуство на раководителот, го заменува заменик на раководител на Институтот, но не подолго од 3 месеци.

Заменик на раководителот е член на институтот од редот на вработените во наставнонаучно звање кој се потврдува од деканот по предлог на раководителот на институтот.

По истекот на рокот од ставот 1 на овој член, се спроведува постапка за избор на нов раководител.

**Член 29**

На раководителот на институтот му престанува функцијата пред истекот на мандатот во следниве случаи:

ако поднесе оставка;
ако биде разрешен;
ако му престанал работниот однос;
во други случаи утврдени со закон.

Во случаите од ставот 1, алинеи 1 и 3, со записник се констатира дека на раководителот му престанал мандатот.

Деканот донесува одлука со која се констатира престанок на мандатот.

**Член 30**

Раководителот на институтот за својата работа одговара пред деканот.

Доколку раководителот е разрешен, деканот назначува в.д. раководител, за време до 3 месеци.

Изборот на нов раководител на местото на разрешениот раководител на институт е според постапката утврдена со овој Статут.

За раководител, во повторената постапка, не може да биде предложен разрешениот раководител.

**Член 31**

Образложена иницијатива за разрешување на раководител на институт можат да поднесат најмалку една третина од вкупниот број членови на стручниот колегиум на институтот.

Иницијативата се доставува до деканот и до стручниот колегиум на институтот, кој со образложена одлука ја прифаќа или ја одбива иницијативата.

Ако се прифати иницијативата, во рок од 15 дена се спроведува постапка за разрешување.

За да се разреши раководител на институт, треба да присуствуваат 2/3 од членовите на стручниот колегиум.

Институтот одлучува за разрешување на раководителот со мнозинство гласови од присутните членови на седницата.

Деканот донесува одлука со која се констатира разрешувањето врз основа на добиен записник од институтот.

**Член 32**

Раководителот на институтот:

1. ја организира и ја води работата на институтот и е одговорен за навремено извршување на работите од дејноста на институтот;
2. ги свикува и ги води состаноците на стручниот колегиум како и другите состаноци на институтот;
3. се грижи за наставнообразовната, научноистражувачката и применувачката работа од областа на институтот;
4. ги извршува одлуките на органите на Факултетот, кои се однесуваат на работата на институтот;
5. ги известува органите на Факултетот за работата на институтот;
6. се грижи за работната дисциплина во институтот;
7. поднесува годишен извештај за својата работа пред институтот и пред деканот;
8. се грижи за состојбата на просторот и опремата што ги користи институтот;
9. се грижи за создавање и развој на научен подмладок;
10. ги известува вработените на институтот за работата на Деканатската управа;
11. врши и други работи што ќе му ги доверат органите на Факултетот.

**Катедри**

Член 33

Катедрите на Факултетот претставуваат наставнонаучна и функционална целина од соодветната наставнонаучна област и се формираат со цел усогласување и развивање на наставнообразовната, научноистражувачката и применувачката дејност.

Катедрата ја сочинуваат вработените избрани во наставнонаучни, научни и соработнички звања од иста или од сродна научна област кои се во редовен работен однос на Факултетот.

Во работата на катедрата може да се вклучат стручни соработници и студенти,

односно демонстратори без право на одлучување.

Дејностите и функцијата на катедрите може да се изведуваат преку институтот и останатите единици на Факултетот.

Член 34

Катедрите, во рамките на својата дејност:

1. остваруваат наставнообразовна, научноистражувачка, применувачка и високостручна здравствена ветеринарна дејност;
2. соработуваат при подготвувањето на студиските програми и програмите за истражувачката работа;
3. изготвуваат предлогпрограми за специјализации;
4. ги разгледуваат прашањата и проблемите кои настануваат при реализирањето на студиските програми и ја насочуваат, усогласуваат високообразовната, научноистражувачката и применувачката работа;
5. со научноистражувачката дејност, посебно со фундаменталните истражувања, развиваат научни дисциплини, на кои се темелат студиските програми и научните дисциплини со сродни или интердисциплинарни поврзани области;
6. се грижат за пренесување на научноистражувачките достигнувања и новите знаења во наставнообразовниот процес и за нивно вклучување во студиските програми во сите циклуси на студии;
7. развиваат современи педагошки методи;
8. се грижат за стручното и за научното усовршување на вработените лица избрани во наставнонаучни, научни звања и соработнички звања;
9. даваат предлози до надлежниот орган за распишување конкурс за избор во наставнонаучни, научни и соработнички звања;
10. предлагаат учебници, учебни помагала и стручна литература;
11. вршат и други работи утврдени со закон.“

Член 35

Катедрата имаат раководител.

Одредбите што се однесуваат на раководителот на институтот соодветно се применуваат и на раководителот на катедрата.

Член 35а

Раководителот на катедрата:

1. се грижи за редовното изведување на наставнообразовната и научноистражувачката работа од областа на катедрите;
2. ги извршува одлуките на органите на Факултетот, кои се однесуваат на работата на катедрите;
3. ги известува органите на Факултетот за работата на катедрите;
4. се грижи за создавање и развој на научен подмладок;
5. врши и други работи што ќе му ги доверат органите на Факултетот.

**Член 35б**

На Факултетот се организирани следниве катедри:

- Катедра за хемија
- Катедра за биохемија и биологија на клетка
- Катедра за функционална морфологија
- Катедра за одгледување на животни
- Катедра за исхрана на домашните животни
- Катедра за фармакологија и токсикологија
- Катедра за хигиена на животните и заштита на животната средина
- Катедра за ветеринарна економија, менаџмент и биостатистика

- Катедра за микробиологија и имунологија
- Катедра за паразитологија и паразитни заболувања
- Катедра за управно ветеринарство
- Катедра за патофизиологија
- Катедра за патолошка морфологија и судска медицина
- Катедра за рендгенологија со фикална терапија
- Катедра за внатрешни болести на фармски животни
- Катедра за внатрешни болести на миленици и копитари
- Катедра за заразни болести и епидемиологија
- Катедра за биологија и патологија на пчели, риби и ловен дивеч
- Катедра за болести кај птиците
- Катедра за репродукција
- Катедра за хирургија, ортопедија и офталмологија
- Катедра за безбедност на храна и ветеринарно јавно здравство.

Катедрите се основаат, се припојуваат и се делат во согласност со потребите на наставнообразовната и научноистражувачката работа.

**Член 35в**

За организирање и координирање на сите катедри се формира наставностручен колегиум (во понатамошниот текст: колегиум).

Колегиумот го сочинуваат вработените лица избрани во наставнонаучни и научни звања кои изведуваат настава по предметите кои се утврдени со студиската програма.

Колегиумот избира раководител од редот на лицата избрани во наставнонаучни звања, по предлог на деканот, со мандат од 3 години и со право на повторен избор.

Изборот се врши доколку се присутни повеќе од половината од вкупниот број членови на колегиумот, а избран е оној кандидат кој добил најголем број гласови од присутните.

Деканот донесува одлука со која го констатира изборот.

**Член 35г**

Колегиумот на катедрите, во рамките на своите надлежности::

1. му предлага на Наставнонаучниот совет услови и критериуми за запишување студенти на додипломски студии и за селекција на кандидатите;
2. доставува предлог до Наставнонаучниот совет за условите за запишување на кандидатите кои имаат завршено студиски програми на странски факултети;
3. се грижи за реализација на постапката за пријавување и за селекција на кандидатите во согласност со условите од конкурсот;
4. предлага до Наставнонаучниот совет број на запишани студенти по студиски програми на додипломски студии;
5. доставува предлог до Наставнонаучниот совет за воведување нови студиски програми и за измени и дополнувања на постојните студиски програми;
6. врши и други работи по барање на деканот и Наставнонаучниот совет.

**Член 35д**

Раководител на колегиумот:

8. ја организира и ја раководи работата на колегиумот;
9. ги подготвува, ги свикува и ги води седниците на колегиумот;
10. се грижи за редовно извршување на работите кои произлегуваат од надлежноста на колегиумот;
11. ги известува органите на Факултетот за работата на колегиумот;
12. ги спроведува заклучоците и другите акти на колегиумот;
13. ги потпишува записниците од седниците на колегиумот;

14. врши и други работи што произлегуваат од надлежноста на колегиумот и по барање на Наставнонаучниот совет и деканот.“

**Лаборатории**

Член 36

Лабораториите се формираат и функционираат за практично изведување на наставнообразовната, научноистражувачката и применувачката дејност за потребите на Факултетот.

Лабораториите може да се формираат доколку се обезбедени просторни и други материјални услови пропишани со актот за основање.

Наставнонаучниот совет, со акт, може да формира лаборатории за потребите на Факултетот доколку се исполнети условите од ставот 2 на овој член.

Дејностите и функцијата на лабораториите може да се изведуваат преку останатите единици на Факултетот.

Со лабораториите раководат раководители од редот на вработените лица, избрани во наставнонаучни и научни звања од соодветната област на работата на лабораторијата, кои ги именува и ги разрешува деканот на Факултетот, со мандат од 3 години и право на повторни мандати.

**Член 36а**

На Факултетот се организирани:

а) Лаборатории во кои се изведуваат анализи со акредитирани методи од соодветното научноистражувачко поле по стандардот МКС EN ISO/IEC 17025, утврдени во член 21 од овој Статут.

б) Лаборатории при катедрите во функција на дејноста на Факултетот, и тоа:

- Лабораторија за пластинација
- Лабораторија за клиничка биохемија
- Лабораторија за клиничка микробиологија
- Лабораторија применета ембриологија
- Лабораторија за хистологија и патохистологија
- Лабораторија за биологија и патологија на пчели
- Лабораторија за андрологија и криоконзервација на гамети.

Припадноста на лабораториите од став 1 од овој член е според соодветната наставнонаучна област и не е ограничена во соработката со останатите единици на Факултетот.

**Центри**

**Член 37**

Центрите се формираат заради изведување, организирање и поттикнување на научноистражувачката и наставно-образовната работа, пренесување на употребата на современите методи на работа, сознанијата и достигнувањата.

Центрите можат да вршат и применувачка дејност.

Центар може да се формира доколку се обезбедени просторни и други материјални услови пропишани со актот за основање.

Наставнонаучниот совет, со акт, може да формира центри за потребите на Факултетот доколку се исполнети условите од ставот 3 на овој член.

Дејностите и функцијата на центрите може да се изведуваат преку останатите единици на Факултетот.

Со центрите раководат раководители од редот на наставниците и научните работници од соодветната област на работа на центрите, кои ги именува и ги разрешува деканот на Факултетот, со мандат од 3 години и право на повторни мандати.

**Член 37а**

Во рамките на катедрите на Факултетот се организирани:

- Центар за едукација за зоонозни болести, безбедност на храна и ветеринарно јавно здравство
- Центар за фармакологија и токсикологија со несакани дејства и

информирање за ветеринарномедицински препарати

- Центар за благосостојба и однесување на животните
- Центар за асистирана репродукција.

Припадноста на центрите од став 1 од овој член е според соодветната наставно-научна област и не е ограничена во соработката со останатите единици на Факултетот.

**Член 38**

Универзитетска ветеринарна болница се основа за спроведување високообразовна, научноистражувачка и применувачка, односно клиничка дејност од областа на ветеринарната медицина на Факултетот.

Универзитетската ветеринарна болница учествува во едукацијата на студентите и кадрите во рамките на студиските и предметните програми, врши здравствена заштита на животни, континуирана едукација, обуки и сл.

Во работата на Универзитетската ветеринарна болница учествуваат лица избрани во наставнонаучни, научни и соработнички звања на Факултетот, од соодветната област на работа на болницата, како и докторите по ветеринарна медицина, стручните соработници, демонстраторите, помошнотехничкиот персонал и други лица кои се во работен однос на Факултетот.

Листа на ангажирани лица во Универзитетската ветеринарна болница се утврдува со одлука на Деканатската управа, по предлог на раководителот на Универзитетската ветеринарна болница.

Дејностите и функцијата на Универзитетска ветеринарна болница може да се изведуваат преку останатите единици на Факултетот.

**Член 38а**

Во рамките на Универзитетската ветеринарна болница работат:

- Клиника за домашни миленици, птици и егзотични животни
- Клиника за фармски животи и копитари со амбулаторна пракса.

Наставнонаучниот совет, со акт, може да формира и друга организациона и функционална структура во Универзитетската ветеринарна болница, во согласност со студиските програми и дејности на Факултетот.

**Член 39**

Со Универзитетска ветеринарна болница раководи раководител кој го назначува деканот од редот на наставниците кои се избрани и работат на катедрите од клиничките области.

Раководителот на Универзитетската ветеринарна болница може да предложи заменик на раководител од редот на наставниците кои се избрани и работат на клиничките области, кој е овластен во негово отсуство да ги врши сите работи од неговиот делокруг.

Раководителот:

1. ја организира и ја води работата на Универзитетската ветеринарна болница и е одговорен за навремено извршување на стручната и клиничката работа во болницата;
2. ги свикува и ги води состаноците на Универзитетската ветеринарна болница;
3. се грижи за наставнообразовната работа и клиничката практика во болницата;
4. ги извршува одлуките на органите на Факултетот, кои се однесуваат на работата на Универзитетска ветеринарна болница;
5. се грижи за работната дисциплина во Универзитетската ветеринарна болница;
6. поднесува годишен извештај за својата работа пред деканот;
7. се грижи за состојбата на просторот и опремата што ги користи Универзитетската ветеринарна болница;
8. ги известува органите на Факултетот за работата на

Универзитетската ветеринарна болница;
9. врши и други работи што ќе му ги доверат органите на Факултетот.

Деканот може го разреши раководителот на Универзитетската ветеринарна болница врз основа на лично барање, за злоупотреба или пречекорување на овластувањата, кога не ги извршува работите и должностите од своја надлежност и во други случаи утврдени со овој Статут.

**Стручна и административна служба**

**Член 40**

Стручните и административните работи ги врши стручната и административна служба на Факултетот како дел од интегрираната Стручна и административна служба на Универзитетот.

Со службата на Факултетот раководи секретар, кој за својата работа е одговорен пред деканот.

**Член 41**

Секретарот, по предлог на деканот, се избира од страна на Наставнонаучниот совет на Факултетот.

**Член 42**

Секретарот се грижи за правата, обврските и одговорностите од работниот однос на ненаставниот кадар. Доколку единицата нема секретар одлучува деканот.

Секретарот, покрај правата и одговорностите утврдени со актот за систематизација му предлага на деканот решенија во врска со правата, обврските и одговорностите од работниот однос на ненаставниот кадар.

Наставнонаучниот совет може да го разреши секретарот на Факултетот по предлог на деканот на Факултетот, доколку во спроведена постапка се утврди дека неговата работа е спротивна на законот, актите на Универзитетот и овој Статут и кога ќе оцени дека не ги врши работите од својата надлежност.

**Член 43**

Поблиски одредби за организацијата и вршењето на работите во Стручната и административна служба се утврдуваат со актите на Универзитетот и на Факултетот.

**Библиотека**

**Член 44**

Библиотеката на Факултетот, како организациона единица во рамките на стручната и административна служба на Факултетот, учествува и дава свој придонес во креирањето на политиката на библиотечното работење во рамките на интегрираниот библиотечен систем на Универзитетот.

Библиотеката на Факултетот ја собира, ја уредува и ја распоредува научната, студиската и стручната литература и на наставнонаучните кадри на соработниците и на студентите им ги дава информациите и знаењата за студиите и за научната работа, ги образува од гледна точка на употребата на библиотечниот фонд и од гледна точка на барањето информации и изработува библиографија за високообразовните наставници и научни работници.

**Член 45**

Наставнонаучниот совет може да донесе одлука за формирање на внатрешна организациона единица на образложен предлог од деканот и на Деканатската управа, за што се спроведува постапка за дополнување на овој Статут, согласно со Статутот на Универзитетот.

## VI. ОСНОВАЊЕ ОРГАНИЗАЦИЈА

**Член 46**

По иницијатива на Факултетот, Универзитетот може да основа друга организација согласно со Статутот на Универзитетот.

Факултетот може да основа друга организација согласно со Статутот на Универзитетот.

## VII. ОРГАНИЗИРАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ И УЧЕСТВО НА СТУДЕНТИТЕ ВО УПРАВУВАЊЕТО

**Факултетско студентско собрание**

**Член 47**

Факултетското студентско собрание е тело на Факултетот во кое членуваат претставници од студентите од Факултетот, кои ги претставуваат нивните интереси, барања и предлози.

**Член 48**

Членовите и претседателот на Факултетското студентско собрание се избираат на непосредни, фер и демократски избори со тајно гласање, со мандат од една година и со право за уште еден избор.

**Член 49**

Изборите од член 48 од овој Статут, со одлука, ги распишува деканот на Факултетот во рок од 30 дена пред нивното одржување.

Во одлуката од став 1 на овој член, деканот именува изборна комисија која ќе ги спроведе изборите за членови на факултетското студентско собрание.

Одлуката се објавува на вебстраницата на Факултетот.

Во изборната комисија членуваат двајца наставници, односно соработници и тројца студенти.

Комисијата од став 3 на овој член избира избирачки одбори/поткомисии составени од двајца студенти и еден наставник, односно соработник за спроведување на изборите.

**Член 50**

Изборите се спроведуваат во работни денови во текот на неделите за настава во соодветниот семестар.

**Член 51**

Факултетското студентско собрание брои 12 претставници на студентите.

Кандидатите за претставници во Факултетското собрание се утврдуваат на собири на студентите по години на студии, со тоа што од секоја студиска година/програма се предлагаат кандидати за претставници во Факултетското студентско собрание. Бројот на претставници по години од додипломски студии и од постдипломски и докторски студии се утврдува со Статутот на Факултетското студентско собрание.

**Член 52**

Право да избираат и да бидат избрани за членови на Факултетското студентско собрание имаат сите студенти на Факултетот, кои се запишани на студии во учебната година/семестар во кој се избира претседателот и Факултетското студентско собрание.

**Член 53**

Факултетот обезбедува услови за успешно спроведување на изборите за претседател и Факултетското студентско собрание.

**Заменикстудентски правобранител**

**Член 54**

На Факултетот, од страна на Факултетското студентско собрание, се избира заменикстудентски правобранител врз основа на објавен конкурс од редот на студентите од Факултетот, со мандат од две години, без можност за реизбор.

Заменик студентскиот правобранител постапува по поднесок од страна на студент и по сопствена иницијатива доколку увидел дека е прекршено право на студент од страна на органите на Факултетот или друг член на академската заедница на Факултетот.

Органите на Факултетот, односно членот на академската заедница се должни да ги разгледаат укажувањата на заменик студентскиот правобранител.

**Учество на студентите во управувањето**

**Член 55**

Претставниците на студентите во органите и телата на Факултетот ги избира

Факултетското студентско собрание од редот на редовните студенти на Факултетот.

Претседателот на Факултетското студентско собрание доставува потпишан записник и одлука за извршениот избор од став 1 на овој член и ја доставува до деканот во рок од 3 дена по извршениот избор.

## VIII. ОРГАНИ НА ФАКУЛТЕТОТ

**Член 56**

Органи на Факултетот се: Наставнонаучен совет, декан и Деканатска управа.

### Наставнонаучен совет

**Член 57**

Наставнонаучниот совет на Факултетот е орган на управување и стручен орган.

**Член 58**

Членови на Наставнонаучниот совет се: редовните и вонредните професори и доцентите, кои се во редовен работен однос на Факултетот, како и претставници кои ги избира Факултетското студентско собрание.

Бројот на претставниците од редот на студентите не може да биде помал од 10 % од вкупниот број членови на Наставнонаучниот совет, односно претставува првиот нареден цел број од 10 %. Бројот на студентите во Наставнонаучниот совет е променлив во зависност од вкупниот број членови на Наставнонаучниот совет.

Мандатот на студентите во Наставнонаучниот совет е две години.

Во работата на Наставнонаучниот совет учествува и секретарот, без право на одлучување.

**Член 59**

Претставниците на студентите се избираат од Факултетското студентско собрание.

Промената на бројот на претставниците се констатира при утврдувањето на кворумот на седница на Наставнонаучниот совет, односно најмалку еднаш годишно.

**Член 60**

Присуството на седниците на Наставнонаучниот совет е задолжително.

Членовите избрани во комисиите и телата на Наставнонаучниот совет имаат право и обврска да учествуваат во нивната работа.

**Член 61**

Наставнонаучниот совет, за студиските програми од втор циклус (постдипломски) студии или специјалистички студии, може да формира наставнонаучни колегиуми со кои раководат раководители.

Сродни студиски програми можат да формираат еден наставнонаучен колегиум.

### Надлежности и одлучување на Наставнонаучниот совет

**Член 62**

Наставнонаучниот совет:

1. донесува статут на Факултетот;
2. донесува тригодишна програма за развој и годишна програма за работа;
3. избира декан и му ја доставува одлуката за избор на Сенатот за потврдување,
4. избира продекани;
5. избира членови во Сенатот;
6. му предлага на Сенатот студиски програми;
7. донесува програма за научноистражувачка работа;
8. врши избор во наставнонаучни звања доцент, вонреден професор и редовен професор, во научни звања, во соработнички звања, стручни соработници и демонстратори;
9. утврдува потреба за избор на стручни соработници и ги определува начинот и обемот на учество во наставнообразовниот процес;
10. распишува интерен оглас со критериуми за избор на стручни соработници;
11. предлага број на студенти кои се запишуваат на сите циклуси на студии;

12. донесува одлука за распоред на работни задачи за наставниците и соработниците за секоја академска година;
13. го усвојува финансискиот план и донесува завршна сметка (финансиски годишен извештај) во рамките на единствениот финансиски план на Универзитетот и консолидираната завршна сметка на Универзитетот;
14. му предлага на Универзитетот, односно кога тоа е определено со закон, на основачот, измена или проширување на дејноста во согласност со закон;
15. ги донесува општите акти на Факултетот;
16. донесува мерки за создавање и усовршување на наставнонаучниот и уметничкиот подмладок и за работа со особено успешни и талентирани студенти;
17. донесува мерки и одлучува за унапредување на наставната, научно-истражувачката и применувачката работа на Факултетот;
18. избира и разрешува секретар на Факултетот;
19. ги избира членовите на комисијата за самоевалуација и донесува упатство за евалуација на Факултетот во согласност со Правилникот за стандардите и постапката за самоевалуација и надворешна евалуација што го донесува Националниот совет за високото образование и Упатството на Универзитетот;
20. одлучува за библиотеката, за библиотечноинформацискиот систем и за остварувањето на библиотечноинформациската и документационата дејност, во согласност со Статутот на Универзитетот и овој Статут;
21. одлучува за организирање на меѓународни собири, симпозиуми, советувања и слично;
22. одлучува за остварувањето на меѓународната соработка согласно со Статутот на Универзитетот и овој Статут;
23. ја разгледува иницијативата за предвремено престанување на изборот;
24. одобрува отсуства од работа на наставниот, научниот и соработничкиот кадар согласно со закон, Статутот на Универзитетот и овој Статут;
25. обезбедува замена на наставниците и соработниците кои користат платено, односно неплатено отсуство;
26. утврдува потреба од нови наставници, научни работници и соработници;
27. распишува конкурс за прв избор во наставнонаучни, научни, насловни и соработнички звања и засновање на работен однос на лица кои се избрани за прв пат во соодветното звање, освен за насловните звања;
28. им дава согласност на наставниците и соработниците за изведување настава на друг факултет;
29. дава мислење до Сенатот заради добивање согласност наставниците и соработниците од Факултетот да можат да изведуваат настава на друг универзитет;
30. избира свои претставници во Одборот за соработка и доверба со јавноста;
31. избира членови на дисциплинската комисија за одговорност на студентите;
32. по претходно добиено одобрение од Ректорската управа поканува визитингнаставници, афирмирани научници и стручњаци од практиката;
33. одлучува за склучување на договори за соработка со странски универзитети согласно со Законот за високото образование;

34. одлучува за склучување на договори за двојна диплома (double degree) или заедничка студиска програма (joint degree) согласно со Законот за високото образование;
35. организира различни облици на неформално учење согласно со Законот за високото образование;
36. избира членови на рецензентски и други комисии;
37. донесува одлука за започнување на постапката за избор на декан;
38. формира изборна комисија за спроведување постапка за избор на декан;
39. донесува деловник за работа на органите и телата на Факултетот;
40. го разгледува извештајот за работа од заменикстудентскиот правобранител;
41. на наставникот кој не го исполнува минималниот број на часови при утврдување на наставна дејност за учебната година/семестар со одлуката за распоредот на часовите и наставата (обезбеденост на наставата), му определува (доделува) часови на настава од сродна научна област. Вкупниот број на часови настава, по можност, се распределува рамномерно;
42. го утврдува составот на Одборот за меѓународна соработка;
43. ги утврдува координаторите на Телото за контрола на квалитет;
44. врши и други работи утврдени со закон, Статутот на Универзитетот, со овој Статут и со другите акти на Универзитетот и на Факултетот.

Наставнонаучниот совет полноважно одлучува доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број негови членови, а одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови.

За работите од ставот 1, точки 1, 3, 4, 5 и 7 на овој член, Наставнонаучниот совет совет може полноважно да одлучува доколку се присутни две третини од вкупниот број негови членови, а одлуката се смета за донесена ако за неа гласало мнозинството од присутните членови на Советот.

**Член 63**

Наставнонаучниот совет одлучува со јавно гласање, освен за работите утврдени со закон и со Статутот на Универзитетот.

За избор и разрешување на: декан, продекани и за избор на сенатори, Наставнонаучниот совет одлучува со тајно гласање.

Наставнонаучниот совет, со јавно гласање, може да одлучи да се спроведе тајно гласање и за прашања за кои се гласа јавно.

При изборот во наставнонаучни, научни и соработнички звања, како и демонстратори и стручни соработници, не учествуваат студентите.

**Член 64**

Седниците на Наставнонаучниот совет ги свикува и со нив раководи деканот на Факултетот.

Во отсуство на деканот, по негово овластување, со седницата на Наставнонаучниот совет раководи еден од продеканите.

Деканот е должен да свика седница на Наставнонаучниот совет доколку тоа го бара 1/5 од членовите.

**Член 65**

Факултетот, од редот на наставниците, со тајно гласање избира два претставника во Сенатот на Универзитетот.

Мандатот на членовите на Сенатот на Универзитетот трае три години, со право на уште еден избор.

Избрани се оние кандидати кои добиле мнозинство гласови од присутните членови.

Доколку се пријавени повеќе кандидати и во првиот круг не се избрани кандидати, односно кандидат, гласањето се

повторува, при што секој нареден круг отпаѓа кандидатот што добил најмал број гласови.

Ако во случајот од претходниот став на овој член не се избрани кандидати, односно кандидат, постапката за предлагање се повторува со нови кандидати.

**Декан**

**Член 66**

Деканот е раководен орган.

Деканот го застапува и го претставува Факултетот во земјата и во странство, во согласност со Статутот на Универзитетот и овој Статут.

Вршењето на должноста декан е неспоиво со вршењето на друга јавна функција или функција во политичка партија.

**Надлежност на деканот**

**Член 67**

Деканот, во рамките на вршењето на својата раководна функција:

1. ги извршува одлуките и заклучоците на Сенатот и ректорот на Универзитетот;
2. ги спроведува овластувањата пренесени од ректорот согласно со Статутот на Универзитетот;
3. ги извршува одлуките и заклучоците на Наставнонаучниот совет и на Деканатската управа;
4. се грижи за усогласено вршење на високообразовната, научноистражувачката и применувачката дејност;
5. ги свикува седниците на Наставнонаучниот совет и на Деканатската управа, го предлага дневниот ред и претседава со нив;
6. ги подготвува и ги предлага актите и материјалите за прашања за кои одлучува Деканатската управа;
7. на Наставнонаучниот совет му поднесува предлози на одлуки и заклучоци за прашањата чие разгледување и решавање е во негова надлежност;
8. распишува конкурс за избор на лица избрани во наставнонаучни, научни и соработнички звања, најрано 7, а најдоцна 6 месеци пред истекот на времето за коешто се избрани;
9. одлучува по барањата на наставниците да не се продожи рокот за распишување на конкурс за избор во звања за времето поминато на породилно отсуство, боледување подолго од три месеци, како и мирување на работниот однос во случаи определени со закон. Деканот може да одлучи, надлежноста за одлучување по овие барања да ја пренесе на Наставнонаучниот совет;
10. се грижи за реализацијата на Годишниот план за јавни набавки;
11. ги промовира студентите што завршиле интегрирани студии од прв и втор циклус, како и студентите кои завршиле втор циклус (магистерски и специјалистички) студии и доделува награди;
12. управува со имотот на Факултетот и се грижи за неговото одржување, во рамките на овластувањата определени со Статутот на Универзитетот и со овој Статут;
13. покренува образложена иницијатива за предвремен престанок на изборот во звање;
14. потпишува уверенија и други документи што се издаваат за студентите во текот на студиите и по дипломирањето/магистрирањето/специјализацијата;
15. одлучува за правата, обврските и одговорностите на наставниот кадар од работниот однос кои не се во надлежност на органите и телата на Универзитетот и Факултетот;
16. формира постојани и повремени работни тела, за работи од неговата надлежност и утврдува надоместок за нивната работа согласно со актите на Факултетот;

17. одлучува за барањата на студентите доколку не е поинаку уредено со актите на Универзитетот;
18. врши и други работи согласно со закон, Статутот на Универзитетот и со овој Статут.

Деканот е должен, најмалку еднаш во годината, до Наставнонаучниот совет и до ректорот на Универзитетот да поднесува извештај за својата работа.

Деканот е одговорен за законитоста и статутарноста на работата на органите на Факултетот и има право и должност да запре од извршување општ акт и одлука на овие органи за кои смета дека не се во согласност со законот, Статутот на Универзитетот, овој Статут и со другите акти на Универзитетот и на Факултетот и за тоа го известува ректорот, кој донесува одлука по спорното прашање.

За вршење на дел од своите права и обврски, деканот може да овластува одделни продекани.

**Избор на декан**

**Член 68**

Деканот се избира од редот на редовните и вонредните професори на Факултетот, а доколку нема редовни и вонредни професори, и од редот на доцентите, за време од три години, со право на уште еден избор, под условите утврдени со Статутот на Универзитетот.

Одлуката за изборот на декан ја потврдува Сенатот.

**Член 69**

Наставнонаучниот совет го врши изборот на декан на седница, со тајно гласање, на начин и во постапка утврдени со Статутот на Универзитетот и овој Статут.

Наставнонаучниот совет донесува одлука за започнување на постапката за избор на декан најдоцна шест месеци пред истекот на мандатот на постојниот декан, во која се определуваат роковите и начинот на спроведување на постапката за избор и составот на изборната комисија што ќе ја спроведе постапката за избор во согласност со Статутот на Универзитетот.

Избран за декан се смета оној кандидат кој добил мнозинство гласови од присутните членови на Наставнонаучниот совет.

**Престанок на функцијата декан**

**Член 70**

На деканот, функцијата му престанува и пред истекот на мандатот:
1. ако поднесе оставка од функцијата за којашто е избран;
2. ако настане трајна спреченост за вршење на функцијата;
3. ако е разрешен од страна на Наставнонаучниот совет на Факултетот;
4. ако Сенатот ја потврди одлуката за суспензија на деканот од страна на ректорот;
5. во други случаи определени со закон и со Статутот на Универзитетот.

Ако на деканот му престане функцијата пред истекот на времето за кое е избран, ректорот именува в.д. декан согласно со Законот за високото образование.

**Член 71**

Ако Наставнонаучниот совет не го прифати извештајот за работата на деканот, се смета дека е разрешен на истата седница и се известува ректорот да именува вршител на должноста декан.

Одредбата од претходниот став се применува и во случаите кога мандатот на деканот престанал во други случаи утврдени со член 70 од овој Статут.

Деканот кој е разрешен има право на приговор до Сенатот во рок од 8 дена од денот на разрешувањето.

Одлуката на Сенатот по приговорот е конечна.

**Продекани**

**Член 72**

За вршење на дел од своите права и обврски, деканот може да ги овластува продеканите. Продеканите вршат работи

што ќе им ги определи деканот за области од дејноста на Факултетот.

**Член 73**

Факултетот има 4 продекани, кои ги предлага деканот:

- продекан за настава
- продекан за наука и меѓународна соработка
- продекан за финансии и инвестиции
- продекан за применувачка дејност и управување со квалитет.

**Член 74**

Продеканите се избираат од страна на Наставнонаучниот совет, по предлог на новоизбраниот декан.

Гласањето за избор на продекани се спроведува на ист начин како за избор на декан.

Продеканите се избираат од редот на редовните и вонредните професори и доцентите.

Мандатот на продеканите, по правило, е три години со право на уште еден избор.

**Член 75**

Продеканите за својата работа одговараат пред деканот и пред Наставнонаучниот совет.

Деканот може да поднесе предлог до Наставнонаучниот совет за разрешување на некој од продеканите во случај ако тој со своето работење битно го нарушил работењето на Факултетот, ја злоупотребил својата функција, не ја извршува или несовесно ја извршува функцијата на која е избран, или на лично барање од продеканот.

Деканот назначува в.д. продекани за време најмногу до шест месеци.

**Член 76**

Вршењето на должноста продекан е неспоиво со вршењето на друга јавна функција или функција во политичка партија.

Продеканот истовремено не може да биде и раководител на Институт.

Со престанок на мандатот на деканот престанува функцијата (мандатот) на продеканите.

В.д. деканот може да назначи в.д. продекани.

**Деканатска управа**

**Член 77**

Деканатската управа е орган на управување на Факултетот. Деканатската управа брои 7 члена.

Деканатската управа ја сочинуваат:

- декан,
- продекани,
- раководител на Националниот институт за ветеринарство и храна, и
- претставник од Факултетското студентско собрание.

Во работата на Деканатската управа учествува и секретарот на Факултетот, без право на одлучување.

**Член 78**

Деканатската управа, во рамките на својата надлежност:

1. се грижи за остварувањето на дејноста и развојот на Факултетот и за односите со пошироката општествена заедница и државните органи;
2. донесува акти и го следи нивното извршување, освен актите кои се во надлежност на Наставнонаучниот совет;
3. ги подготвува и ги предлага актите и материјалите за прашања за кои одлучуваат Наставнонаучниот совет и деканот;
4. одлучува по предлозите од Наставнонаучниот совет;
5. донесува одлуки за меѓународни проекти;
6. одлучува за барањата на вработените доколку не е поинаку уредено со актите на Универзитетот;
7. донесува план за јавни набавки;
8. донесува одлуки за јавни набавки што се во надлежност на органот на

управување, согласно со Законот за јавните набавки и актите на Универзитетот;
9. одлучува по жалба на студентите против одлуките на деканот;
10. формира разни комисии, одбори и тела;
11. презема мерки за подобрување на работната дисциплина на Факултетот;
12. одлучува за правата од работен однос во втор степен;
13. усвојува извештај за попис;
14. врши и други работи определени со овој Статут.

**Член 79**

Деканатската управа работи на седници. Деканатската управа ја свикува и на седниците претседава деканот.

Деканатската управа може да работи доколку на седницата се присутни повеќе од половината од вкупниот број членови.

Одлуките се сметаат за донесени доколку за нив гласале повеќе од половината од членовите на Деканатската управа.

## IX. СТРУЧНИ ТЕЛА НА ФАКУЛТЕТОТ

### Наставнонаучен колегиум на студиска програма за специјалистички студии

**Член 80**

За организирање на специјалистички студии, за секоја студиска програма, се формира наставнонаучен колегиум на студиска програма (во натамошниот текст: колегиум).

Колегиумот има права и обврски кои се уредени со актите на Универзитетот и со овој Статут.

Колегиумот го сочинуваат наставниците и научните работници кои изведуваат настава по предметите кои се утврдени со студиската програма.

**Член 81**

Колегиумот:
1. му предлага на Наставнонаучниот совет услови и критериуми за запишување студенти на специјалистички студии и за селекција на кандидатите;
2. доставува предлог до Наставнонаучниот совет за условите за запишување на кандидатите кои имаат завршено студиски програми на други факултети;
3. се грижи за реализација на постапката за пријавување и за селекција на кандидатите во согласност со условите од конкурсот;
4. расправа по приговори/жалба во врска со уписот и носи одлуки по нив;
5. поднесува до Наставнонаучниот совет извештај за бројот на запишани студенти по студиски програми;
6. ја подготвува и ја спроведува постапката за пријава, одбрана и оцена на специјалистички труд;
7. ги подготвува точките од дневниот ред на седниците на Наставнонаучниот совет кои се однесуваат на постапката за пријавување, оцена и одбрана на специјалистичките трудови и ги доставува до директорот;
8. доставува мислење до Наставнонаучниот совет за подобност на пријавена тема за изработка на специјалистички труд;
9. на Наставнонаучниот совет му предлага наслови на темите на специјалистичките трудови;
10. на Наставнонаучниот совет му предлага ментори на кандидатите;
11. на Наставнонаучниот совет му предлага комисии за оцена и одбрана на специјалистичките трудови;
12. доставува предлог до Наставнонаучниот совет за воведување нови студиски програми и за измени и дополнувања на постоечките студиските програми;
13. врши и други работи по барање на деканот и Наставнонаучниот совет.

**Раководител на колегиумот**

**Член 82**

Со колегиумот раководи раководител.

Колегиумот го избира раководителот од редот на своите членови.

Раководителот на колегиумот се избира со мандат од 3 години, со можност за реизбор.

Раководителот:

1. ја организира и ја раководи работата на колегиумот;
2. ги подготвува, свикува и ги води седниците на колегиумот;
3. се грижи за редовно извршување на работите кои произлегуваат од надлежноста на колегиумот;
4. ги известува органите на Факултетот за работата на колегиумот;
5. ги спроведува одлуките, заклучоците и другите акти на колегиумот;
6. ги потпишува записниците од седниците на колегиумот;
7. врши и други работи што произлегуваат од надлежноста на колегиумот и по барање на Наставнонаучниот совет и деканот.

**Член 83**

Одредбите од овој Статут за колегиумот и раководителот соодветно се применуваат и за втор циклус (постдипломски) студии доколку се организираат.

За прашањата за кои одлучува Наставнонаучниот совет, предлозите и мислењата на колегиумот се доставуваат до Наставнонаучниот совет во функција на одлучувањето, а Наставнонаучниот совет нема обврска да ги прифати.

**Одбор за меѓународна соработка**

**Член 84**

Одборот за меѓународна соработка се формира за развој и унапредување на меѓународна соработка со други Факултети за ветеринарна медицина и сродни високообразовни и научни институции од Европа и пошироко односно за поврзување на научните потенцијали на Факултетот со стопанството.

Основните активности на Одборот за меѓународна соработка вклучуваат:

1. вклучување на студентите во научноистражувачките активности на Факултетот;
2. овозможување на пристап до научноистражувачка литература;
3. промовирање на меѓународната видливост на наставнонаучниот профил на наставниците, научниот кадар и соработниците;
4. обезбедување на зголемено ниво на консултативни и кооперативни активности во насока на подобар пристап до фондовите за истражу-вање пред сè на меѓународната сцена;
5. унапредување на можноста за размена на наставнонаучниот, научниот и соработничкиот кадар и студенти;
6. помага во реализацијата на студиските престои во странство на наставнонаучниот, научниот и соработничкиот кадар на Факултетот односно помага при престојот на странски наставници, афирмирани научници, визитинг професори и студетни на Факултетот;
7. помага во реализацијата на меѓународните проекти;
8. помага во организацијата на меѓународните собири;
9. врши други надлежности поврзани со унапредување на меѓународната соработка на Факултетот.

Со Одборот за меѓународна соработка раководи продеканот за наука и меѓународна соработка.

Составот на Одборот за меѓународна соработка се утврдува со одлука на Наставнонаучен совет на Факултетот.

**Тело за контрола на квалитет**

**Член 85**

Тело за контрола на квалитет се формира за развој, унапредување и следење

на квалитетот на високообразовната, научноистражувачката и применувачката дејност на Факултетот.

Основните активности на телото за контрола на квалитет вклучуваат:

1. поттикнување на развојната компонента на дејностите на Факултетот во склад со меѓународните и националните норми и критериуми;
2. советувања и давање на насоки на дејствување на органите на управување на Факултетот со цел обезбедување на контрола на квалитет;
3. развивање на индикатори за прогрес на квалитет;
4. врши други надлежности поврзани со примена на мерки за унапредување на контрола на квалитетот.

Телото за контрола на квалитет се состои од:

– координатор за ИСО 17025 кој е назначен од редот на наставниците и научните работници и е одговорен за унапредување на применувачката дејност на Факултетот.
– координатор за ЕАЕВЕ кој е назначен од редот на наставниците и е одговорен за унапредување на високообразовната и научноистражувачката дејност на Факултетот.
– координатор за ЕКТС кој е назначен од редот на наставниците и е одговорен за организација на наставата на Факултетот.

Координаторите се утврдуваат со одлука на Наставнонаучен совет на Факултетот.

Координаторите поднесуваат годишен извештај за својата работа пред органите на управување на Факултетот.

**Одбор за соработка и доверба со јавноста**

**Член 86**

За да оствари соработка и доверба со јавноста, деловната заедница, професионалните комори и со други институции и здруженија на граѓани од подрачјето во кое ги врши високообразовната дејност и научноистражувачката работа, како и за да оствари јавност и одговорност во вршењето на дејноста од јавен интерес, Факултетот формира факултетски и одбор за соработка и доверба со јавноста.

За член на одборот за соработка и доверба со јавноста не може да биде избрано лице кое согласно со одредбите од Законот за установите не може да биде член на орган на управување на установа.

Одборот за соработка и доверба со јавноста брои 5 члена и тоа:

- 2 члена избира Наставнонаучниот совет од редот на наставниците на Факултетот
- 1 член Собранието на Република Македонија;
- 1 член од Ветеринарната комора на Република Северна Македонија;
- 1 член од Агенцијата за храна и ветеринарство.

Мандатот на членовите на Одборот за соработка и доверба е три години, со право на повторен избор.

Одборот има советодавна улога и ќе дава препораки и совети во врска со студиските програми, научноистражувачките и апликативните проекти, ангажирање на визитинг наставници, афирмирани научници и стручњаци од праксата, континуирано учење, соработка на единицата со стопанството, одржување на настани и други прашања поврзани со улогата и придонесот на Факултетот.

**Центар за кариера**

**Член 87**

На Факултетот се формира Центар за кариера согласно со актите на Универзитетот.

Составот, организацијата, делокругот, начинот на работа и други прашања од значење за работата на Центарот за кариера се утврдуваат со актот за негово основање.

Заради остварување континуитет во соработката со дипломираните студенти на сите циклуси на студии, во рамките на

Центарот се основа одбор за поддршка (алумни). Одборот за поддршка има основна цел да ги продолжи контактите и да воспостави соработка со студентите што завршиле студии на Факултетот со цел развој на ветеринарната дејност.

Работата на Одборот за поддршка е усогласена со работата на Центарот за кариера на Факултетот.

## X. ПРИМЕНА НА АКТИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

**Член 88**

Одредбите од Статутот и другите акти на Универзитетот, со кои се регулираат високообразовната дејност, наставно-научните и соработничките звања, студентите, самоевалуацијата, финансирањето на дејноста и имотот на Факултетот, издавачката дејност, за вршење на стручните и административните работи и др., соодветно се применуваат во работењето на Факултетот.

## XI. ДЕЛОВНИЧКИ ПРАШАЊА

**Член 89**

Начинот на работа (деловнички прашања) на Наставнонаучниот совет, Деканатската управа, работните и стручните тела и комисии, како и на организационите единици се утврдени со деловник.

## XII. СТУДИИ

**Член 90**

Факултетот организира студии од сите циклуси на студии согласно Закон за високото образование.

**Член 91**

Наставните обврски се состојат од: предавања, аудиториумски и лабораториски вежби, семинари (работа во помали групи), изработка на семинарски трудови, проекти, самостојно учење (изработка на домашни работи), клиничка и теренска настава, клиничка и теренска практика, консултации, континуирани проверки и испити, во обем утврден со студиската програма.

**Член 92**

За секој предмет што се предава треба да постои објавен учебник, скрипта или умножени предавања на македонски јазик.

Ако учебникот, односно учебното помагало не ја покрива целата предметна програма, тогаш должност е на наставникот, на почетокот на семестарот, на студентите да им ја стави на располагање разликата на необјавени предавања во вид на умножени предавања.

За секој предмет од кој се изведуваат лабораториски вежби, теренска и клиничка настава треба да постои формулар за изведување на практичната настава.

### Програми за стручно и професионално усовршување

**Член 93**

На Факултетот можат да се организираат различни програми на стручно, односно професионално усовршување во рамките на концептот на доживотно учење согласно со закон, Статутот и другите акти на Универзитетот.

Со одлуката за организирање на студии од став 1 на овој член се уредуваат условите за запишување, следење и завршната проверка на знаење на лицата што ги посетувале овие програми, како и цената што ја плаќаат за нивна посета.

Покрај програмите од став 1 на овој член, Факултетот може да организира различни облици на неформално учење согласно со закон. Одлука донесува Наставнонаучниот совет, по предлог на Деканатската управа.

### Промоција на завршени студенти

**Член 94**

На Факултетот, најмалку еднаш во текот на годината, се врши промоција на студентите што дипломирале, магистрирале односно специјализирале.

Дипломите и наградите на најдобрите дипломирани студенти ги доделува деканот на Факултетот, на свеченост.

## XIII. ОТСУСТВО ОД РАБОТА

**Член 95**

На наставниците, научните работници и на соработниците вработени на Факултетот, на секои пет години може да им се одобри платено отсуство во траење до една година, односно неплатено отсуство во траење до три години заради стручно, односно научно усовршување во соодветната научна област или за престој на високообразовна или научна установа со статус во наставнонаучно или научно звање.

Лицата што користат платено отсуство во траење од една година можат да користат и неплатено отсуство уште две години.

Наставнонаучниот совет одлучува за отсуството од став 1 на овој член во кој предлог се наведува дека е обезбедена замена.

Правото на платено, односно неплатено отсуство се користи согласно со програма која на предлог на лицата од став 1 на овој член ја донесува Наставнонаучниот совет.

Предлогот од став 4 на овој член содржи: област на усовршување, односно истражување, времетраење, очекувани резултати, назив на установата и сл.

**Член 96**

Лице избрано во наставнонаучно/научно звање на шест години извршена работа има право на продлабочување на усовршувањето на подрачјето кое е предмет на негово истражување во вкупно траење од најмногу 12 месеци, при што педагошката обврска (држење настава) се прераспределува на други наставници, така што не смее нивната оптовареност да се зголеми за повеќе од една третина.

## XIV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 97**

Толкувања на одредбите на овој Статут дава Наставнонаучниот совет.

Согласност на овој Статут дава Сенатот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**Член 98**

Општите акти на Факултетот се објавуваат во јавното гласило на Универзитетот и стапуваат во сила со денот на објавувањето.

**Член 99**

Оваа Статутарна одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетски гласник а ќе се објави по добивањето на согласност од сенатот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и ќе се применува по истекот на 3 месеци од денот на објавувањето.

**Д е к а н**
**Проф. д-р Лазо Пендовски с.р.**

***Пречистениот текст ги опфаќа***:

- Статутот на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник бр. 460/19)
- Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник бр. 460/2023Анекс 1).